**ПРЕДЛОГ 14**

Врз основа на член 336 од Законот за трговските друштва и член 50 од Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.04.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за отуѓување на сопствени акции**

Член 1

Се одобрува отуѓување на сопствени акции на РЕПЛЕК АД Скопје стекнати до денот на одржувањето на Годишното собрание на Друштвото на ден 26.04.2023 година, како и акциите кои ќе бидат купени согласно Одлуката на Собранието на Друштвото за стекнување на сопствени акции со откуп, донесена на Годишното собрание на ден 26.04.2023 година.

Постапката за отуѓување на сопствени акции ќе се спроведе согласно одредбите од Законот за хартии од вредност;

Член 2

Целта поради која се отуѓуваат сопствените акции е одржување на стабилноста на Друштвото и усогласување со законските одредби.

Номиналната вредност на една обична акција на РЕПЛЕК АД Скопје изнесува 562,42 евра;

Член 3

Купувачите на сопствените акции на РЕПЛЕК АД Скопје ги стекнуваат сите права од акциите согласно Статутот на Друштвото и законските прописи, со денот на уписот во Централниот депозитар за хартии од вредност;

Член 4

Се овластува Управниот одбор на Друштвото да го определи начинот на продажба, цената која не може да биде пониска од вредноста по која се стекнати сопствените акции, како и другите потребни активности и податоци утврдени со Законот за хартии од вредност;

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Претседавач

______________________